До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање со кое од Државната комисија се бара мислење во однос на два случаи и тоа:

1. Дали член на совет на општина може да биде член во управен или надзорен одбор во институции именуван од страна на Владата или Собранието на РСМ и
2. Дали секретарот на општината може да биде член на управни и надзорни одбори во институции основани од основачот и во институции именуван од страна на Владата на РСМ или Собранието на РСМ.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Согласно член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

(4) „Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.“

Имено, согласно цитираните одредби во однос на првата ситуација постои забрана за вршење на други дејности, по што Државната комисија смета дека службено лице кое е именувано за извршување на функцијата член на Совет во општина не може да извршува и функција член на управен или надзорен одбор именуван од страна на Владата на РСМ и Собранието на РСМ.

Воедно, Државната комисија  известува дека доколку горенаведените функции ги извршува членот на Совет во општина во исто време настанува прекршување на

забраните предвидени со член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал доколку:
- спротивно на членот 44 врши некоја друга функција, должност или дејност што е неспојлива со неговата функција.“

Во однос на втората ситуација дали секретар на општина може да биде член на управен или надзорен одбор во институции основани од основачот и во институции именуван од страна на Владата и Собранието на РСМ, Државната комисија известува дека:

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Согласно член 49 став (2) од истиот Закон:
„(2) Вработен во јавниот сектор, може да биде член во еден управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и други правни лица со доминантен државен капитал.“

Врз основа на цитираните одредби, Државната комисија оценува дека секретарот на општината како вработено лице во општина, може да врши функција член на управен или надзорен одбор.

Во натамошното вршење на службените должности, Државната комисија укажува на начелото на интегритет согласно кое службеното лице е должно да постапува во рамките на јавен интерес, избегнувајќи влијание од лични, семејни, партиски, верски или други интереси.

Дополнително согласно член 82 став (1) од истиот Закон:

„(1)Избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република

Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник, при изборот, именувањето назначувањето, односно вработувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето поднесува изјава за имотна состојба и интереси.“

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК информира дека, доколку секретарот на општината биде именуван за член на управен или надзорен одбор во институции основани од страна на основачот и во институции именуван од страна на Владата или Собранието на РСМ, лицето има законска обврска да достави изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 30 дена од денот на назначувањето.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**